**ФАКОМ, АД – Скопје**
**СОБРАНИЕ НА АД**
**С.О. бр. 01**
**27.06.2024 година**
**Скопје**

# З А П И С Н И К

Од одржаната седница на Собрание на акционери на ФАКОМ АД – Скопје. Седницата се одржа во просториите на ФАКОМ АД – Скопје, Бул."Александар Македонски" бр. 18 на ден 27.06.2024 година со почеток во 12,00 часот.

Вкупниот број на акции во друштвото со право на глас е 67.000, а присуствуваа според верификуваниот список следните акционери, нивни застапници или полномошници: Repro one limited преку полномошник Иван Цветковски од Скопје за 40.000 (четириесетилјади) акции со право на глас, Repro one limited преку полномошник Славица Чикова од Скопје за 25.145 (дваесетипетилјадисточетириесетипет) акции со право на глас, Абдула Исмаил за себе со 30 (триесет) акции со право на глас, Перо Милошевски за себе со 39 (триесетидевет) акции со право на глас.

Присутни се и г-ѓа Снежана Сиљановска, Помошник Генерален Директор за економски прашања и г-дин Бојан Јордановски, Директор на РЕ Инженеринг.

Собранието е свикано врз основа на Одлука Управниот одбор на Друштвото УО бр. 40 од 17.05.2024 година. Повик за учество на собрание на акционери е објавен во весникот Нова Македонија на ден 27.05.2024 година.

1.Претседавачот на Собранието од претходната седница, Г-ѓа Славица Чикова од Скопје, ги информираше присутните дека предлози за измени и дополнувања на дневниот ред не се поднесени, а материјалите за седницата беа дадени секој да ги има на увид на начин согласно Закон, списокот на присутни го стави на јавен увид, ја отвори седницата и го објави кворумот на претставената главнина, односно објави дека присуствува потребното мнозинство и тоа акционери кои претставуваат **65.214 акции и 97,33 %** од вкупниот број на акции со право на глас 67.000, според акционерската книга издадена од Централниот депозитар за хартии од вредност на ден 25.06.2024 година, по што ја отвори седницата.

За работата на Собранието беше предложен и усвоен следниот :

## Д н е в е н р е д

I. **Процедурален дел**

1. Отварање на седницата на Собранието;
2. Избор на претседавач на Собрание;
3. Избор на записничар и двајца заверувачи на записник;
4. Избор на бројачи на гласови.

II. **Работен дел**

5. Разгледување и усвојување на записник од претходната седница на Собрание на акционери;
6. Годишната сметка, финансиските извештаи и годишниот извештај за работата на Друштвото во 2023 година;
- Предлог Одлука за одобрување и усвојување на годишната сметка, финансиските извештаи и годишниот извештај за работењето на Друштвото за период од 01.01.-31.12.2023 година;
7. Предлог Одлука за одобрување на работата на членовите на Управниот одбор на Друштвото;
8. Извештај за извршената ревизија за 2023 година на годишната сметка и финансиските извештаи;

- Предлог Одлука за усвојување на Извештајот за извршена ревизија за 2023 година;
9. Извештај на Службата за внатрешна ревизија за 2023 година
- Предлог Одлука за одобрување и усвојување на Извештајот на Службата за внатрешна ревизија на Друштвото;
10. Предлог Одлука за одобрување на работата на членовите на Надзорниот одбор на Друштвото;
11. Предлог Одлука за употреба на нето добивката за финансиската 2023 година;
12. Предлог Одлука за назначување на овластен ревизор за ревизија на годишната сметка и финансиските извештаи на Друштвото за 2024 година.

2. Претседавачот отвори расправа по предлог за избор на претседавач на седницата, за која како претседавач е предложена Славица Чикова од Скопје, по што се стави на гласање следната:

**ОДЛУКА**

**за избор на претседавач на Собрание**

1.За претседавач на Собранието се избира Славица Чикова, дипл.правник.

2.Мандатот на претседавачот на Собранието трае до избор на претседавач на наредното Собрание.

3. Претседавачот на Собранието го определува редоследот на работата и го одржува редот на седницата со Собранието, а може да утврди и правила за водење на седницата со Собранието.

4. Оваа Одлука стапува во сила со денот на донесувањето.

„**ЗА**“ донесување на одлуката за избор на претседавач на седницата на Собранието гласаа сите присутни акционери со **65.214 или 97,33 %** од вкупниот број 67.000 гласови, **,,ПРОТИВ”** и **,,ВОЗДРЖАНИ”** нема.

Претседавачот од претходното собрание констатира дека за претседавач на ова Собрание едногласно е избрана Славица Чикова.

3. Претседавачот ги информираше присутните дека согласно Законот за трговски друштва и Статутот на ФАКОМ АД – Скопје треба да се изберат записничар и двајца заверувачи на записникот. Бидејќи никој не се јави за дискусија, пртседавачот ја стави на гласање следната:

**ОДЛУКА**

**за избор на записничар и двајца заверувачи на Записникот**

1. За записничар и двајца заверувачи на Записникот што се води на оваа седница (27.06.2024 година) се избираат :

- За записничар:
  Добре Наумоски
- За заверувачи на записникот:
  Иван Цветковски
  Абдула Исмаил

2. Записникот се поготвува најдоцна во рок од 8 (осум) дена од денот на одржувањето на Собранието и него го потпишуваат записничарот и претседавачот со Собранието, а го заверуваат избраните заверувачи од точка 1 на оваа Одлука.

3. Оваа Одлука стапува во сила со денот на донесувањето.

„**ЗА**“ донесување на одлуката за избор на записничар гласаа гласаа сите присутни акционери со **65.214 или 97,33 %** од вкупниот број 67.000 гласови, **,,ПРОТИВ”** и **,,ВОЗДРЖАНИ”** нема.

„**ЗА**“ донесување на одлуката за избор на двајца заверувачи на записник гласаа сите присутни акционери со **65.214 или 97,33 %** од вкупниот број 67.000 гласови, **,,ПРОТИВ”** и **,,ВОЗДРЖАНИ”** нема.

Претседавачот констатира дека за записничар е избрана Добре Наумоски, а за заверувачи на записникот едногласно се избрани Иван Цветковски и Абдула Исмаил.

4.Претседавачот ги информираше присутните дека согласно Законот за трговски друштва и Статутот на ФАКОМ, АД – Скопје треба да се изберат и бројачи на гласови, по што на предлог на претседавачот се донесе следната:

**О Д Л У К А**

**за избор на бројачи на гласови**

1. За бројачи на гласови при донесување на одлуки по утврдениот ред за оваа седница (27.06.2024 година) се избираат:

**- ВИОЛЕТА АВРАМОВСКА**

**- ВИКТОРИЈА БОШКОВСКА**

2. Бројачите на гласови утврдени во точка 1 на оваа Одлука имаат задача при донесување на секоја одлука по точките од дневниот ред да ги избројат вкупниот број гласови "ЗА", "ПРОТИВ" и "ВОЗДРЖАНИ" и за истите да го известат претседавачот со Собранието за резултатите од гласањето.

За секоја одлука бројачите на гласови изготвуваат писмен извештај во кој се утврдува и кворумот за работа на Собранието.

Врз основа на писмениот извештај – за кворумот за работа и резултатите од гласањето, претседавачот со Собранието констатира, односно објавува дали одлуката за која се гласа е донесена.

3. Оваа Одлука стапува во сила со денот на донесувањето.

**„ЗА"** донесување на одлуката за избор на бројачи на гласови гласаа сите присутни акционери со **65.214 или 97,33 %** од вкупниот број 67.000 гласови, **,,ПРОТИВ"** и **,,ВОЗДРЖАНИ"** нема.

Претседавачот констатира дека за бројачи на гласови едногласно избрани се Виолета Аврамоска и Викторија Бошковска.

Претседавачот појасни дека е завршен процедуралниот дел и дека се преминува на работниот дел од дневниот ред.

5. Претседавачот на седницата отвори расправа по Записникот од претходната седница на Годишното Собрание на акционери одржана на 14.06.2023 година.

**„ЗА"** усвојување на записникот од претходното годишно собрание на акционери одржано на ден 14.06.2023 година, гласаа сите присутни акционери со **65.214 или 97,33 %** од вкупниот број 67.000 гласови, **,,ПРОТИВ"** и **,,ВОЗДРЖАНИ"** нема.

Претседавачот констатира дека Запинсикот од претходното годишно собрание на акционери одржано на ден 14.06.2023 година е усвоен.

6. Се пристапи кон разгледување на точката на дневниот ред - Годишната сметка, финансиските извештаи и годишниот извештај за работата на Друштвото во 2023 година, па Претседавачот на седницата му даде збор на г-дин **Бојан Јордановски**, Директор на РЕ Инженеринг.

Директорот на РЕ Инженеринг истакна дека оствареното производство на ниво на ФАКОМ АД во 2023 год. изнесува 21.635 екв.тон. наспроти 2022 год. (18.930 екв.тон.) или за +14% имаме зголемување, додека пак во однос на планот имаме зголемување за +7% или повеќе произведено 1353 ет во однос на планираното.

Поради различноста на производите а избегнување на упросечувањето преку еквивалентни тони остварените резултати на полето на физичкиот обем ќе ги разгледаме преку остварувања на носечките производни работни единици – РЕ Производство и РЕ Монтажа.

**<u>РЕ ПРОИЗВОДСТВО</u>**

Остварениот физички обем во РЕ Производство во 2023 г. изнесува 6.781 екв.тон.

Во структурата на оствареното производство во 2023 год. доминира челичната конструкција со 4.215 ет или 62% учество во вкупните производи.
Втора по застапеност со 1.383 екв.тон. е опремата која зафаќа 20% од вкупното производство. На овие два производа отпаѓа 82% од вкупното производство. Трет производ по застапеност во оваа година се услугите со 1172 ет и завземаат 17% од вкупното производство. Останатите производи се ламели и плаштови.

Поголеми ангажмани и испораки во 2023, РЕ Производство оствари за следните комитенти: Финкантиери Италија (2705 тони), Векома (516,5 тони), Спрингер (399,4 тони), Црнагорапут Ад (69 тони), Босна С Доо (63,2 тони).

Ако ја анализираме остварената продуктивност ќе забележиме дека просечната потрошувачка на норма часови за производство на 1 екв. тони изнесува 38,40 часа т.е. имаме зголемена продуктивност за +2% во однос на минатата година (37,48 часа/ет). Во 2023 година за оствареното производство беа потрошени вкупно 260.407 часа.

Просечниот број на вработени во 2023 е намален за -55 работника во однос на 2022г, или за -11% додека во однос на планот бројот на вработени е намален за -44 лица. Во рамките на производните часови направени се вкупно 29.232 прекувремени часови што значи помалку за -47% во однос на 2022 г. или во апсолутна бројка (-25.591), додека на ниво на РЕ Производство исплатени се вкупно 52.472 прекувремени часови за разлика од 2022 год. (83.839 прекувремени часови).

## <u>РЕ МОНТАЖА</u>

РЕ Монтажа во 2023 г. оствари 14.854 екв.тон. што претставува зголемување за +53% или за +5161 ет повеќе од 2022г.

Во структурата на видот на производите во 2023 г. во РЕ Монтажа и понатаму најдоминантно место имаат услугите со 14.854 екв.т. со зголемување од +53%% во однос на претходната година.

Поголеми ангажмани во 2023 г. РЕ Монтажа оствари во:

| Комитенти | Потрошени часови | |
|---|---|---|
| | 2023 | 2022 |
| РЕК Битола | 712 | 3.201 |
| РЕК Осломеј | 20.911 | 3.551 |
| Макстил- ВДЛ | 9.036 | 21.109 |
| Макстил-челичана | 9.504 | 19.339 |
| Шарцем Косово | 1.172 | 6.373 |
| Цементара Титан Усје | 39.310 | 24.974 |
| Гранит | 16.732 | 19.366 |
| Кануф Дебат | 1.742 | 16.892 |
| Штитарица Црна Гора | 14.596 | 13.830 |
| FKCF-Албанија | 0 | 6.722 |
| Агис | 8.860 | 0 |
| ЕВН Неготино | 1.988 | 0 |
| Саса | 1.860 | 0 |

| | | |
|---|---|---|
| Останати помали анагажмани | 66.836 | 32.235 |
| **Вкупно** | **193.395** | **166.476** |

Остварената продуктивност во 2023 г. покажува дека за производство на 1 екв.тон во РЕ Монтажа потрошени се 13,02 часа/е.т или за 24% е намален норма часот/е.т, а ова укажаува на зголемана продуктивноста на вработените.

Во изминатата 2023 г. во РЕ Монтажа потрошени се вкупно 193.395 часа што значи во однос на 2022 г. бројот на производни часови е зголемен за 16% а тоа се должи на зголемениот обем на работа. .

Истовремено бројот на вработените во РЕ Монтажа е за -5% намален во однос на 2022 година. Исплатените прекувремените часови на ниво на РЕ во 2023 год. изнесуваат 75.674 часа.

Понатаму, Претседавачот на собранието и даде збор на г-ѓа **Снежана Сиљановска**, Помошник Генерален Директор за економски прашања, која наведе дека во периодот од 01.01.-31.12.2023 година Друштвото оствари **нето добивка** од работењето во износ од 69.974 ден. наспроти добивката од 2022 год. (249.402 ден.) која е -72% помала од претходната година. Ова се должи пред се на уште една турболентна година со нестабилно пазарно окружување. Изминатата 2023 год. беше слаба економска година која треба брзо да се надмине. Нарушувањето на ланците на снабдувањето предизвика раст на цените на материјалите, електричната енергија и другите енергенси т.е инфлацијата предизвика рецесија на пазарот во Европската унија, додека во блиското окружување предизвика голем недостиг од квалификувана работна сила која го забавува растот на компаниите.

**Вкупните оперативни приходи** во 2023 година изнесуваат 1.094.053.773 денари и истите се намалени за -9% во однос на 2022 год. како резултат на намалените приходи од странство за -45%, додека приходите од продажба на домашен пазар се зголемени за +152% а останатите приходи по основ на вишоци, судски спорови, наплати на штети и др, се намалени за -23%. Финасиските приходи во 2023 год. се намалени за -17% во однос на 2022 г. како резултат на намалените приходи врз основа на позитивните курсни разлики од работењето со неповрзани друштва. **Вкупните приходи за 2023 г**. изнесуваат 1.098.710.364 ден. и истите се намалени за -9% во однос на 2022 г.

Во периодот од 01.01-31.12.2023 година Друштвото оствари **оперативни расходи** од 1.074.668.871 денари кои се за -10% помали во однос на 2022 година. Намалувањето на расходите се должи на намалениот трошок на суровините и материјали за -32%, зголемување имаме кај трошокот за изнајмување на работници од надвор за изработка и извршување на услуги, додека трошоците за вработени се зголемени за +7% во однос на 2022 год. Финансиските расходи се зголемени за +64% во однос на 2022 год. како резултат на зголемените расходи по основ на камати и негативни курсни разлики. Вкупните расходи за 2023 год. се намалени за -9% во однос на 2022 год.

**Тековните средства** во 2023 год. се зголемени за +3% во однос на 2022 год. како резултат на зголемените побарувања од купувачите, зголемени побарувања по дадени заеми и зголемените пресметани приходи што неможеле да се фактурираат во 2023 год. Нетековните средства во 2023 год. се зголемени за +2% од 2022 год. како резултат на зголемување на материјалните средства (зголемување на вредноста на градежните објекти и зголемување на транспортните средства (набавена е мобилна половна дигалка.). Зголемени се и долгорочните финансиски средства односно вложувањата во долгорочните хартии од вредност.

Друштвото во текот на 2023 година користи краткорочен револвинг денарски и девизен кредит од Комерцијална банка и долгорочен денарски кредит по договор за кредит бр. RM2017/634 од Халк Банка.

Оствареното производство на ниво на Факом АД во 2023 год. изразено во еквивалентни тони бележи зголемување за +14% во однос на 2022 год. а во однос на планот имаме зголемување за +7%.

Оствареното производство на ниво на ФАКОМ АД во 2023 год. изнесува 21.635 екв.тон. наспроти 2022 год. (18.930 екв.тон.) или за +14% имаме зголемување, додека пак во однос на планот имаме зголемување за +7% или повеќе произведено 1353 ет во однос на планираното.

Во структурата на оствареното производство во 2023 год. доминираат услугите со 74% во вкупните производи, втора по застапеност се челичните конструкции со 20% а на трето место е опремата со 6% учество во вкупните производи.

**Вкупни трошоци**

Нефинансиските трошоците (расходи од работењето) на ниво на ФАКОМ АД изнесуваат 1.074.668.871 денари или за -10% се намалени во однос на минатата година. Процентот на зголемување и намалување кај поединечните нефинансиски трошоци може да се види пооделно по категорија на трошоци :

- Трошоците на продажба се намалени за -15%
- Трошоците за дистрибуција се зголемени за +25%
- Административните трошоци се зголемени за +10%
- Другите оперативни трошоци се намлени за -15%

Во структурата на основните трошоци на компанијата покрај големото влијанието на потрошокот на суровини, втор по големина и влијание има и трошокот на средства за плати и други трошоци за вработените. За оваа намена во 2023 година потрошени се 397,29 мил. денари што претставува 36% од сите трошоци или за +6,5% се поголеми во однос на 2022 г.Најголемиот дел од овие трошоци се однесува за исплата на бруто плата. Имено во 2023 г. за исплатената бруто плата на ниво на компанијата по двата основа (за директни работници и администрација) изнесува 353.952.682 денари или за 7% поголеми од претходната година. За регрес се исплатени вкупно 6,8 мил. денари , за помош по разни основи и отпремнина 2,6 мил. ден., за теренски во земјата и странство е исплатено 16,02 мил. ден., надомест за исхрана на вработените е исплатено 16,5 мил.ден. и др.

Активата за периодот од 01.01.-31.12.2023 год. изнесува 1.395.299.061 денари и е за +3% поголема во однос на истиот период од 2022 година.

Пасивата во билансот на состојба е зголемена како резултат на зголемените обврски кон вработените и обврските по заеми и кредити.

Во 2023 година показателот на **тековна ликвидност** е 1,43 што значи дека тековните обврски ќе бидат намирени на време, додека **моменталната** способност на плаќање може значително да варира затоа ликвидноста се проценува во просек.

**Нето обртниот капитал** е разлика помеѓу тековните средства на друштвото и неговите тековни обврски што треба да ги плаќа. Овој капител во 2023 г. е намален како резултат на зголемените побарувања од купувачи и фактури кои се очекуваат да бидат наплатени во наредниот период и зголемените обврски по основ на заеми и кредити.

**Обртот на побарувањата** е намален што значи дека друштвото ја намалило својата наплата од купувачите.

**Периодот на наплата на побарувањата –** имаме зголемување на период за наплата на побарување. Периодот за наплата на побарувањата треба постојано да се следат затоа што истите во одреден законски рок застаруваат.

Периодот на **исплата на обврските** е зголемен за +16% во однос на минатата година покажува дека просечно за 234 дена ги исплаќаме обврските спрема добавувачите. Друштвото во 2022 год. ги исплаќало обврските за околу 6-7 месеци за разлика пак во 2023 г. обврските ги исплаќа просечно за 7,8 месеци.

Показателот на **вкупната задолженост** е зголемена како резултат на зголемените тековни обврски од билансот на состојба, односно процентот на пораст на вкупните обврски е повисок од порастот на вк.средства во истиот период.

Показателот **нето профитна маржа** ни го покажува односот на нето добивката во однос на вкупните приходи што значи дека друштвото крајот на годината 2023 ја завршила со позитивен финансиски резултат од 69.974 денари.

По оваа точка на дневниот ред за збор се јави полномошникот на Repro One Limited, Иван Цветковски, кој наведе дека при паднато производство треба да паднат и трошоците за производство. Потенцира дека не кореспондира за намалено производство да има зголемени плати и зголемени трошоци. Укажа на потребата, да раководството секој во својот делокруг да си го анализира извештајот со цел да се лоцираат пропустите во работењето и да предложи мерки за избегнување на неповрзаните мерки, како и да се направи поголем напор за пронаоѓање на работа.

По затворање на расправата, претседавачот ја стави на гласање следната:

**О Д Л У К А**

**за усвојување на годишната сметка, финансиските извештаи и годишниот извештај за работењето на друштвото за период 01.01 - 31.12.2023 година**

1. Се усвојува годишната сметка, финансиските извештаи и годишниот извештај за работењето на ФАКОМ, АД - Скопје за период 01.01. - 31.12.2023 година со следните показатели:

| | |
|---|---|
| Остварени приход | 1.098.710.364,00 |
| Остварени расходи | 1.098.334.079,00 |
| Остварена добивка пред оданочување | 376.285,00 |
| Данок на добивка | 306.311,00 |
| Остварена добивка по оданочување | 69.974,00 |

2. Извештаите од точка 1 се составен дел на оваа Одлука.
3. Оваа Одлука стапува во сила со денот на донесувањето.

**„ЗА“** донесување на Одлуката за усвојување на годишната сметка, финансиските извештаи и годишниот извештај за работењето на друштвото за период 01.01.-31.12.2023 година гласаа сите присутни акционери со 65.214 или 97,33 % од вкупниот број 67.000 гласови, **„ПРОТИВ“** и **„ВОЗДРЖАНИ“** нема.

Претседавачот констатира дека Одлуката за усвојување на годишната сметка, финансиските извештаи и годишниот извештај за работењето на друштвото за период 01.01.-31.12.2023 година е донесена.

7. По точката од дневниот ред одобрување на работата на членовите на Управниот одбор, Претседавачот на Собранието отвори расправа. Бидејќи никој не се јави за дискусија, председавачот го стави на гласање -одобрување на работата на секој член на Управниот одбор и тоа:

**„ЗА“** Мартин Велковски-Претседател на Управниот одбор гласаа сите присутни акционери со 65.214 или 97,33 % од вкупниот број 67.000 гласови, **„ПРОТИВ“** и **„ВОЗДРЖАНИ“** нема.

**„ЗА“** Снежана Сиљановска-Член на Управниот одбор гласаа сите присутни акционери со 65.214 или 97,33 % од вкупниот број 67.000 гласови, **„ПРОТИВ“** и **„ВОЗДРЖАНИ“** нема.

**„ЗА“** Бојан Јордановски-Член на Управниот одбор гласаа сите присутни акционери со 65.214 или 97,33 % од вкупниот број 67.000 гласови, **„ПРОТИВ“** и **„ВОЗДРЖАНИ“** нема.

**„ЗА“** Зоран Маргаритов -Член на Управниот одбор гласаа сите присутни акционери со 65.214 или 97,33 % од вкупниот број 67.000 гласови, **„ПРОТИВ“** и **„ВОЗДРЖАНИ“** нема.

**„ЗА“** Милорад Белкоќески -Член на Управниот одбор гласаа сите присутни акционери со 65.214 или 97,33 % од вкупниот број 67.000 гласови, **,,ПРОТИВ“** и **,,ВОЗДРЖАНИ“** нема.
По извршеното одделно гласање за одобрување на работата на членовите на Управниот одбор за деловната 2023 година на секој член на Управниот одбор претседавачот констатира дека е донесена :

**О Д Л У К А**
**за одобрување на работата на членовите на Управниот одбор**

1. Се одобрува работата на членовите на Управниот одбор на ФАКОМ АД – Скопје за деловната 2023 година на:

| | |
|---|---|
| Мартин Велковски | - Претседател на У.О. - Генерален директор |
| Снежана Сиљановска | - Член на У.О.-Пом.Ген.Дир. за економски прашања |
| Бојан Јордановски | - Член на У.О. - Директор на Р.Е. Инженеринг |
| Зоран Маргаритов | - Член на У.О. - Директор на Р.Е. Производство |
| Милорад Белкоќески | -Член на У.О. – Управител на Факом Монтажа ДООЕЛ Скопје |

2. Оваа Одлука стапува во сила од денот на донесувањето.

8. Се пристапи кон разгледување на точката на дневниот ред- Извештајот за извршена ревизија за 2023 година, по која претседавачот отвори расправа. Бидејќи никој не се јави за збор, претседавачот ја стави на гласање следната:

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Извештајот за извршена ревизија**
**за 2023 година**

1. Се усвојува Извештајот за извршена ревизија на годишната сметка и финансиските извештаи за 2023 година.
2. Составен дел на оваа Одлука е ревизискиот извештај.
3. Оваа Одлука стапува во сила со денот на донесувањето.

**„ЗА“** донесување на Одлуката за усвојување на Извештајот за извршената ревизија за 2023 година гласаасите присутни акционери со **65.214 или 97,33 %** од вкупниот број 67.000 гласови, **„ПРОТИВ“** и **,,ВОЗДРЖАНИ“** нема.
Претседавачот констатира дека Одлуката за за усвојување на Извештајот за извршената ревизија за 2023 година е донесена.

9. Претседавачот на Собранието отвори расправа по точката на дневен ред: Одобрување на извештајот на службата за внатрешна ревизија.

По оваа точка од дневниот ред претседавачот отвори расправа. Бидејќи никој не се јави за збор, претседавачот ја стави на гласање следната:

**О Д Л У К А**

**за одобрување на Извештајот на**
**Службата за внатрешна ревизија на Друштвото**

1.Се одобрува Извештајот на Службата за внатрешна ревизија на Друштвото за деловната 2023 година.

2.Составен дел на оваа Одлука е Извештајот на Службата за внатрешна ревизија во Друштвото.

3.Оваа Одлука стапува во сила од денот на донесувањето

**„ЗА“** донесување на Одлуката за одобрување на Извештајот на службата за внатрешна ревизија на друштвото гласаа сите присутни акционери со **65.214 или 97,33 %** од вкупниот број 67.000 гласови, **,,ПРОТИВ”** и **,,ВОЗДРЖАНИ”** нема.

Претседавачот констатира дека Одлуката за одобрување на Извештајот на службата за внатрешна ревизија на друштвото е донесена.

10. По точката на дневниот ред одобрување на работата на членовите на Надзорниот одбор, Претседавачот на собранието отвори расправа. Бидејќи никој не се јави за дискусија претседавачот го стави на гласање -одобрувањето на работата на секој член на Надзорниот одбор и тоа:

**,,ЗА“** Минчо Јорданов-Председател на Надзорниот одбор гласаа сите присутни акционери со **65.214 или 97,33 %** од вкупниот број 67.000 гласови, **,,ПРОТИВ” и ,,ВОЗДРЖАНИ** нема.

**,,ЗА“** Ѓорѓи Савов-Член на Надзорниот одбор гласаа сите присутни акционери со **65.214 или 97,33 %** од вкупниот број 67.000 гласови, **,,ПРОТИВ” и ,,ВОЗДРЖАНИ** нема .

**,,ЗА“** Горан Мауровски-Член на Надзорниот одбор гласаа гласаа сите присутни акционери со **65.214 или 97,33 %** од вкупниот број 67.000 гласови, **,,ПРОТИВ” и ,,ВОЗДРЖАНИ** нема.

**,,ЗА“** Наташа Јорданова Мауровска-Член на Надзорниот одбор гласаа сите присутни акционери со **65.214 или 97,33 %** од вкупниот број 67.000 гласови, **,,ПРОТИВ” и ,,ВОЗДРЖАНИ** нема.

По извршеното одделно гласање за одобрување на работата на членовите на Надзорниот одбор за деловната 2023 година на секој член на Надзорниот одбор претседавачот констатира дека е донесена :

**О Д Л У К А**

**за одобрување на работата на членовите на Надзорниот одбор**

Претседавачот на собранието отвори расправа. Бидејќи никој не се јави за дискусија

1. Се одобрува работата на членовите на Надзорниот одбор на ФАКОМ АД – Скопје за деловната 2023 година на:

| | |
|---|---|
| Минчо Јорданов | - Претседател |
| Ѓорѓи Савов | - Независен член |
| Горан Мауровски | - Член |
| Наташа Јорданова Мауровска | - Член |

2. Оваа Одлука стапува во сила од денот на донесувањето.

11. Претседавачот на собранието отвори расправа по токата на дневен ред- Предлог Одлука за употреба на нето добивката за финансиската 2023 година. Бидејќи никој не се јави за збор, претседавачот на собранието ја стави на гласање следната:

**О Д Л У К А**

**за употреба на нето добивка за финансиската 2023 година**

1. Со оваа Одлука се врши распределба на остварената нето добивка за финансиската 2023 година која изнесува 69.974,00 денари за инвестиции.
2. Одлуката да ја спроведе финансовиот сектор на друштвото.
3. Оваа Одлука стапува во сила со денот на донесувањето.

**„ЗА“** донесување на Одлуката за употреба на нето добивката за финансиската 2023 година гласаа -------- сите присутни акционери со **65.214 или 97,33 %** од вкупниот број 67.000 гласови, **,,ПРОТИВ“** и **,,ВОЗДРЖАНИ“** нема.
Претседавачот констатира дека Одлуката за употреба на нето добивката за финансиската 2023 година е донесена.

12. По точката од дневниот ред Предлог Одлука за назначување на овластен ревизор за ревизија на годишната сметка и финансиските извештаи на Друштвото за 2024 година, Претседавачот на седницата отвори расправа, бидејќи никој не побара збор Претседавачот ја стави на гласање следната:

**О Д Л У К А**
**за назначување(одредување) на ревизор на годишната сметка и финансиските извештаи на Факом АД – Скопје за 2024 година**

1. За ревизор на годишната сметка и финансиските извештаи на Друштвото за 2024 година се одредува :
   **Друштво за ревизија МУР СТИВЕНС ДОО-Скопје.**
2. Оваа Одлука стапува во сила од денот на донесувањето.

**„ЗА“** донесување на Одлуката за назначување (одредување) на ревизор на годишната сметка и финансиските извештаи на Факом АД –Скопје за 2024 година гласаа гласаа сите присутни акционери со **65.214 или 97,33 %** од вкупниот број 67.000 гласови, **,,ПРОТИВ“** и **,,ВОЗДРЖАНИ“** нема.

Претседавачот констатира дека Одлуката за назначување (одредување) на ревизор на годишната сметка и финансиските извештаи на Факом АД –Скопје за 2024 година е донесена.
Седницата заврши во 13:30 часот.
Составен дел на Записникот се: списокот на верифицирани акционери заверен од претседавачот и записничарот, извод од Акционерската книга издадена од ЦДХВ на ден **25.06.2024** година, Одлука на Управниот одбор бр. 40 од 17.05.2024 година, јавниот оглас објавен во дневниот весник Нова Мкедонија на ден 27.05.2024 година, Известувањето од Repro one limited од 03.06.2024 година ,полномошна за Славица Чикова и Иван Цветковски, Записник со преглед за спроведено гласање,Одлуки по материјалот по дневниот ред.

**ЗАПИСНИЧАР:**
**Добре Наумоски**

**ФАКОМ АД – Скопје**
**С О Б Р А Н И Е**
**ПРЕТСЕДАВАЧ,**
**Славица Чикова,Дипл.правник**

**ЗАВЕРУВАЧИ НА ЗАПИСНИК:**
**1.Иван Цветковски**

**2.Абдула Исмаил**